# ФИНКИ live chat 01 – ЧПП

*вторник, 09.08.2011, 12:00 – 13:00*

**Dimitar Causev**: Во врска со електронското запишување, дали датата за запишување електронски ќе биде иста (на 16 и 17 - прв и втор уписен рок?) И дали од кога ќе се упишеме електронски треба и да доаѓаме на факултетот?

**ФИНКИ**: Електронското пополнување е наменето да Ви заштеди време во пополнувањето на документите. Можете да ги пополните електронски уште денес, но на деновите на уписите ќе морате истите да ги донесете во рамките на ФИНКИ. Првиот уписен рок е 16-ти и 17-ти, вториот е на 29-ти и 31-ви.

**Ѓорѓи Атанасовски**: А за да се запишеме ќе мора прво на веб страната да пополниме електронска пријава или не е тоа задолжително?

**ФИНКИ**: Не мора, но е препорачливо. Во спротивно, ќе мора сите документи рачно да ги пополнувате на 16-ти и 17-ти, на ФИНКИ. За да заштедите време, најдобро е да го користите системот за е-уписи: http://iknow.ukim.edu.mk/.

**Cvetanovski Martin**: Dokolku odberam studiranje so kofinansiranje na studiskata programa koja shto ja sakam... plashejki se deka nema da vlezam vo drzavna kvota... kako kje bide rangiranjeto togash?

**ФИНКИ**: Ако одберете студиски програми според следнот редослед: А, Б и В и одберете кофинансирање, тогаш рангирањето оди според следниот приоритет: А државна, А кофинансирање, Б државна, Б кофинансирање, В државна, В кофинансирање.

**Томе Чавдаров**: Дали треба да сме присутни на 22.08 и на 26.08 или ќе можеме да ги видиме резултатите на веб страната?

**ФИНКИ**: ФИНКИ се стреми сите информации да ги направи достапни во електронска форма и се разбира дека и резултатите ќе бидат веднаш објавени на веб страната и социјалните мрежи.

**Горјан Јовановски**: И уште едно прашање, видов дека на 30 – 31-ви месецов ќе се вршело "Запишување на кандидатите". Што е тоа и дали мора кандидат да е лично присутен?

**ФИНКИ**: Запишувањето ќе се врши на 29 и 31 август (ажурирано е на сајтот). Тогаш официјално станувате студенти на Факултетот и треба да ги донесете документите наведени на http://www.finki.ukim.mk/mk/enrollment/dokumenti. Не мора да дојдете лично за запишувањето, но морате да се запишете - доколку не се запишете во тие два дена, го губите местото добиено при уписите и ќе мора да конкурирате повторно во вториот или третиот уписен рок, кога на располагање ќе има помалку слободни места на студиските програми.

**Дениз Јусуфовиќ**: Здраво, ме интересира дали при уписи се зимаат во предвид и малцинствата и од кои малцинства по колку студенти се примаат на додипломските студии, ако се знае точен број секако.

**ФИНКИ**: Тоа е регулирано со Конкурсот на УКИМ и таму се објавени точните бројки: http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=98&glavno=1

**Aleksandra Jovevska**: Sakam da ve prasam, koga se odbiraat profilite na novite smerovi, na FINKI, pri zapisuvanjeto, ili vo vtora godina koga vsusnost za prv pat imame izborni predmeti?

**ФИНКИ**: Профилите не се бираат експлицитно, туку зависат од избраните предмети кои ќе ги одбирате во соодветните години. Со тоа добивате Додаток на Дипломата со соодветниот профил.

**Dejan Jankoski**: Moze od kompjuterska edukacija vo vtora godina da se prefrlam na mrezni tehnologii?

**ФИНКИ**: Префрлувањето ќе биде овозможено, согласно условите кои ќе ги утврди Факултетот.

**Angelique Jakimovska**: Sto e razlikata pomegu IKI i kompjuterski nauki i inzenerstvo?

**ФИНКИ**: ИКИ е превземена студиска програма од постоечките студиски програми на ФЕИТ, додека КНИ е сосема нова студиска програма. Деталните разлики се дадени во Водичот за студирање: http://www.finki.ukim.mk/mk/enrollment/study-guide

**Spase Markovski**: Кога ќе биде објавена процедурата за префрлување од ИИ/ФЕИТ на ФИНКИ?

**ФИНКИ**: Процедурата за префрлување на ФИНКИ формално ќе започне во текот на наредните денови. Таа ќе се состои од потпишување на Изјава во 2 примероци, во која СЕКОЈ студент на КТИ и ИИ ќе мора да се изјасни на кој факултет ќе ги продолжи своите студии – дали на ФИНКИ, на ФЕИТ или на ПМФ.

**Коста Царчев**: Имам прашање околу префрлувањето на студентите од ПМФ на ФИНКИ. Дали треба да биде во првиот уписен рок или понатаму?

**ФИНКИ**: Префрлувањето не е поврзано со уписите. Но, истото ќе започне деновиве и мора да заврши до 15-ти септември.

**ZlateWay Jovanov**: Дали е акредитирана дипломата од ФИНКИ како што е од ФЕИТ?

**ФИНКИ**: Секако дека е акредитирана. Официјални информации за акредитацијата на студиските програми на ФИНКИ се објавени од Министерството за образование и наука: http://www.mon.gov.mk/component/content/article/597

**Christina Tinna**: Dali imate vo plan, po izvesno vreme FINKI da ima svoi prostorii kako poseben fakultet, mislam da ne gi koristi prostoriite na TMF ili bilo koj drug fakultet?

**ФИНКИ**: Да, веќе се работи интензивно на проектот Зграда на ФИНКИ, во рамките на техничко-технолошкиот кампус.

**Joel Barish**: Ме интересира за вонредно студирање бидејќи сум вработен во фирма за компјутери и не сум во можност да следам редовни студии.

**ФИНКИ**: За жал, оваа година во Конкурсот на УКИМ не се предвидени вонредни студии на Факултетот. Меѓутоа, ако се запишете како редовен студент, во рамките на нашите можности ќе се обидеме да Ве ставиме во попладневни термини или термини кои повеќе Ви одговараат.

**Maja Zdravevska**: Ovaa sesija planiram da gi polozam preostanatite 2 ispiti, diplomskata mi e vo izrabotka, sakam od septemvri da prodolzam so magisterki, inaku sum na 3+2 na FEIT no sega sakam da idam na FINKI. Dali bi bila vozmozna opcijata? Blagodaram.

**ФИНКИ**: Секако, на ФИНКИ постојат 2-годишни магистерски студии, наметени за студентите со 3+2.

**Kiki Srbinoska**: Јас имам дипломирано на факултетот ФАМИС во Битола - отсек инженеринг на информациски системи, па ме интересира дали можам да продолжам мастер студии на ФИНКИ? Инаку сум со 3+2.

**ФИНКИ**: Да, секако.

**Ana Ris**: Kakvi se kvotite za magisterskite studii?

**ФИНКИ**: Квотите за магистерски студии се објавени како дел од Конкурсот на УКИМ: http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=111&glavno=41

**Цацо Цацовски**: Кој е продекан за настава и каде може да се најде?

**ФИНКИ**: Продекан за настава е доц. д-р Анастас Мишев, а неговата email адреса е достапна на веб страната на ФИНКИ: http://www.finki.ukim.mk/mk/staff/anastas-mishev